АДВОКАТ [redacted]

[redacted]

---

**ДО ОПШТИНА БИТОЛА**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 13-11-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 130 | | |

**ОД**

[redacted]

**БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Почитувани,

Од Ваша страна на ден 05.11.2024 година доставено ми е известување број 32-805/2 од 04.11.2024 година со кое не известивте дека улицата Стале Попов во Битола се изведувала во две фази.

-Фаза мешовита канализација, нарачател -Општина Битола, а изведувач КЈП “Нискоградба“ Битола;
-Фаза коловоз нарачател – Министерство за транспорт и врски на РСМ;

ДОКАЗ: Известување број 32-805/2 од 04.11.2024 година;

Со ова барање се обраќаме до Вас и бараме да не известите на кој датум започна и на кој датум завши изведбата на Фаза мешовита канализација каде нарачател -Општина Битола, како и тоа на кој датум започна и на кој датум заврши фаза коловоз каде нарачател е Министерство за транспорт и врски на РСМ.

Ваквите податоци бараме да ни бидат издадени во рок од 8 (осум) дена од приемот на ова барање, а се со цел заштита на правата и интересите на моите властодавци.

Битола,
12.11.2024

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Одделение за комунални дејности

Бр.11-130/2
14.11.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-130/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Примил:
14.11.2024

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 02-12-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 130/3 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**Бр.32-сл од 02.12.2024г.**

**До**
**Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер**
**Емилија Илиевска**

Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое подносителот [redacted] в бара да му биде доставена информација на кој датум започна и на кој датум заврши изведбата на фаза мешовита канализација и фаза коловоз на ул.Стале Попов,

Ве известуваме дека за фаза мешовита канализација нарачател е општина Битола а изведувач е КЈП "Нискоградба" (како што претходно наведовме), а градежните активности започнаа на 02.05.2023г. и истите завршија на 18.08.2023г.

Додека пак, за фаза коловоз за која нарачател е Министерство за транспорт на РСМ, градежните активности отпочнаа на 05.02.2024г и проектот сеуште не е завршен.

Со почит,

Изработил: Наташа Кочовска

Раководител на Одделение

Марјана Спасевска д.м.и.

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-130/4
03.12.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **13.11.2024 година**, до Општина Битола, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-130** од **13.11.2024 година**, каде бара информација за фази на изведување на улицата Стале Попов.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-130 на ден 13.11.2024 година. Во барањето наведе дека бара информација за фази на изведување на улицата Стале Попов.

**Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-130/1 од 13.11.2024
2.Допис до Одделение за комунални дејности со бр. 11-130/2 од 14.11.2024 година
3. Одговор од Одделение за комунални дејности со бр. 11-130/3 од 02.12.2024 година

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 03.12.2024 година, под бр. 11-130/4.

**Службенено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА